**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува


Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 27.09.2016 | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредн |
| 10 | 4597 | 1 | |


## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 12 до 21 септември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 27 септември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*“).
   - **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*“).
   - **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

### Член 75 став 1 од Изборниот законик

*__Дневно-информативни емисии__*

Во периодот од 12 до 21 септември 2016 година, анализата на известувањето во дневно-информативните емисии на ТВ НОВА беше реализирана врз 10 изданија на информативниот блок Обсервер на НОВА во 19 часот.

Анализирани се прилози со вкупно времетраење од 6 часа 8 минути и 4 секунди, при што 5 часа 41 минута и 7 секунди (Табела 1) се со претежно информативни жанрови (вест, вест во низа, извештај, извештај со коментар, интервјуа и изјави) како и репортажа, а 26 минути и 57 секунди се осврти и коментари.

*Табела 1 – Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови*

| ТВ НОВА | Траење | Процент |
|---|---|---|
| Без субјекти | 00:17:49 | 5,22 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:09:00 | 2,64 % |
| Експерти/аналитичари | 00:43:25 | 12,73 % |
| Влада на РМ | 00:43:45 | 12,83 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:37:28 | 10,98 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:34:48 | 10,20 % |
| Јавно обвинителство | 00:06:09 | 1,80 % |
| СДСМ | 00:27:34 | 8,08 % |
| Други субјекти | 00:40:04 | 11,75 % |
| Претседател на РМ | 00:12:45 | 3,74 % |
| Привремена комисија | 00:10:20 | 3,03 % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:07:23 | 2,16 % |
| Собрание на РМ | 00:06:48 | 1,99 % |
| Специјално обвинителство | 00:11:41 | 3,43 % |
| Судство | 00:05:23 | 1,58 % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:05:52 | 1,72 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:03:38 | 1,07 % |
| ДПА-ДР | 00:00:58 | 0,28 % |
| ГДОМ | 00:01:49 | 0,53 % |
| Локална самоуправа | 00:10:10 | 2,98 % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:38 | 0,19 % |
| Независни пратеници/чки | 00:01:31 | 0,44 % |
| Левица | 00:00:55 | 0,27 % |
| ДИК и други органи | 00:01:14 | 0,36 % |
| **Вкупно:** | **05:41:07** | **100 %** |

Речиси еднаква е застапеноста на времето за Владата и за експертите/аналитичарите. Кај Владата, во еден дел, станува збор за информации во врска со вистинити и релевантни активности – протоколарни средби, честитки по повод Курбан Бајрам, меѓународни конференции, прес-конференции или соопштенија од министерствата за редовни активности, а забележливи се и соопштенија кои претставуваат одговори на обвиненијата и критиките од претставници на СДСМ. Освен ова, има и прилози за настани во функција на изборно медиумско претставување (опишани во делот од извештајот што се однесува на почитувањето на член 75-б од Изборниот законик).

Во времето за експертите и аналитичарите вброени се и повеќе интервјуа пред сè на две теми: изјавата на претседателот на СДСМ Зоран Заев за употребата на албанскиот јазик на територија на Република Македонија и специјалната јавна обвинителка Катица Јанева (повеќе детали се дадени во делот од извештајов во кој се наведени интервјуата).

Третиот најброен сегмент во Обсервер во 19 часот го сочинуваат прилози организирани околу активности на субјекти методолошки категоризирани како *„други субјекти"*: ИЗИИС, поглаварот на ИВЗ, Спортскиот центар Борис Трајковски, продуценти, режисери, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски

услуги, факултети и универзитети, Комисијата за верификација на факти, стопански комори, новинари, медиуми, претставници на македонската дијаспора, меѓународниот фестивал на драма „Стоби", „Онеконтакт", Македонски Телеком, национална агенција „Еразмус", Фестивалот „Браќа Манаки", Боксерски клуб „Јордан Мијалков", НБРМ, ФФМ итн.

Следна по застапеност е партијата ВМРО ДПМНЕ за која освен неутрални, емитувани се и прилози во кои се поврзуваат владините активности, политики и резултати со партијата (наведени во делот од извештајов кој се однесува на почитувањето на член 75-б), а има и прилози (извештаи и осврт) во кои предизборните мерки што ги ветува во овој период се дадени со позитивен тон и рамка (опишани подолу).

Наредна е СДСМ за која освен преку неутрални извештаи за предизборни ветувања, соопштенија со критики и обвинувања кон институциите и кон ВМРО ДПМНЕ, се информира и преку извештаи и интервјуа со негативен тон и рамка пред сè во однос на ставот на лидерот на оваа партија во врска со употребата на албанскиот јазик на територијата на државата. Од другите партии, најмногу време има за прес – конференциите на ГРОМ, потоа информации за ДУИ и (со време под една минута) за ДПА-ДР, Левица и ДПА.

Со застапеност поголема од 10 минути, се појавуваат и граѓаните со нивни одговори во новинарски анкети или преку сведоштва за теми што нив ги засегаат, а кои методолошки се кодирани како „*без субјекти*" и специјалната јавна обвинителка Катица Јанева.

Распределбата на времето во директните обраќања покажува најголема присутност на личностите категоризирани како „*експерти/аналитичари*" и „*другите субјекти*" што се должи на интервјуата емитувани во Обсервер во 19 часот. Следуваат претставниците на Владата, ВМРО ДПМНЕ и СДСМ (Табела 2).

***Табела 2 – Директни обраќања на субјектите***

| ТВ НОВА | Траење | Процент |
|---|---|---|
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:04:21 | 4,04 % |
| Експерти/аналитичари | 00:26:45 | 24,83 % |
| Други субјекти | 00:15:50 | 14,69 % |
| Влада на РМ | 00:14:00 | 12,99 % |
| СДСМ | 00:07:37 | 7,07 % |
| Привремена комисија | 00:02:24 | 2,23 % |
| Без субјекти | 00:00:59 | 0,91 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:12:54 | 11,97 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:04:17 | 3,98 % |
| ДИК и други органи | 00:00:30 | 0,46 % |
| Локална самоуправа | 00:05:07 | 4,75 % |
| Собрание на РМ | 00:01:07 | 1,04 % |
| Специјално обвинителство | 00:03:02 | 2,82 % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:01:59 | 1,84 % |
| ГДОМ | 00:01:18 | 1,21 % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:02:08 | 1,98 % |
| Претседател на РМ | 00:01:19 | 1,22 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:57 | 0,88 % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:23 | 0,36 % |
| Независни пратеници/чки | 00:00:11 | 0,17 % |
| Левица | 00:00:37 | 0,57 % |
| | **Вкупно: 01:47:45** | 100 % |

Во вториот извештаен период се појавуваат позитивен или негативен тон, односно врамување и во претежно информативните жанрови. На пример во извештајот „Обвинителството предлага забрана за работа" од 12 септември (3 минути и 53 секунди) кој се однесува на барањето на Јавното обвинителство да побара мерки на претпазливост за обвинетите во случајот „Еразмус", новинарката искажува сопствено негативно мислење велејќи дека „Станува збор за шест видни професори од Економскиот факултет за коишто јавна тајна веќе одамна беше дека го прават кривичното дело, односно примаат поткуп заради побрзо полагање на испит на Економскиот факултет".

Во коментаторскиот извештај „Агенција за филм - Тозија ја манипулира јавноста", емитуван на 13 септември, освен што се емитуваат изјавите од директорката на Агенцијата за филм Мими Ѓоргоска – Илиевска, се вели дека Тозија бил учесник на демонстрациите на „Шарената револуција" каде што биле скврнавени Порта Македонија и уметнички релјефи. Во прилогот се спомнуваат и други продуценти и режисери (Насков, Унковски, Поповски, Митревски) како личности кои ја критикуваат работата на Владата, а нивните проекти биле финансирани од неа. Оригиналната изјава на Тозија, што ја демантира Ѓоргоска Илиевска, е прекажана во прилогот.

Темата за изјавата на претседателот на СДСМ Зоран Заев за употребата на албанскиот јазик на територијата на Република Македонија се третира секојдневно во извештаи, при што секој ден се додава нова информација како основа за актуелизација, по што следи екстензивно потсетување на сето она што веќе било кажано на таа тема од експертска јавност, новинари, македонската дијаспора, политички партии, за со текот на времето да се стигне до тврдењето дека „секако најголеми поддржувачи на ваквите идеи се токму партиите од албанскиот блок како што е владејачката ДУИ кои што му посакаа среќа на Заев со идеите за двојазичност" (19 септември).

Во поглед на еднаквиот третман на различните гледишта и ставови и оставањето публиката сама да оформи мислење за различните прашања, илустративни се низа интервјуа кои се однесуваат или на изјавата на претседателот на СДСМ Зоран Заев за употребата на албанскиот јазик на територијата на Република Македонија или на специјалната јавна обвинителка Катица Јанева (а понекогаш и на обете теми).

Во прилог на Зоран Заев е емитувана изјава на Бранко Геровски во рамките на еден коментар. Сите други аналитичари, новинари, експерти, универзитетски професори што ги консултира Телевизијата се со негативен став. Станува збор за интервјуата со аналитичарот Александар Пандов (8 минути и 18 секунди), на 15 септември, кој има негативен став и на моменти изрекува навреди кон Заев, а има и негативен став кон СЈО. Истиот ден има интервју и со Александар Даштевски (3 минути и 34 секунди), претставен како аналитичар и универзитетски професор, кој има негативен став кон СЈО, со тоа што на крајот од интервјуто медиумот вели дека едниот предмет по кој е покренато обвинение „всушност е околу протестите на граѓанските организации против најавите за стопирање на изградбата на црква која се гради во оваа општина. Штетата според пишувањата на повеќе медиуми се проценуваше на стотина евра за разлика од компарациите кои се прават со протестите на т.н. *Шарена револуција*" (ова е илустрирано со исечоци со текстови објавени во дневниот печат и со фотографија на која се гледаат Зоран Заев и Радмила Шекеринска како фрлаат боја за време на протестите). Утредента има интервју со новинарката Мирка Велиновска (9 минути и 53 секунди) која ги изнесува своите негативни ставови околу изјавата на Зоран Заев за употребата на албанскиот јазик, за подигнатите обвиненија од СЈО, за улогата на, како што вели, „амбасадата кај Кале" итн.

Интервјуа има и на други теми. На 17 септември со Антонио Милошоски од ВМРО ДПМНЕ (4 минути и 43 секунди) за осудата на оваа партија за нападите на новинари на Република и Сител од страна на СДСМ, и за промените што треба да се случат во шестата изборна единица поради поголемиот број гласачи. На 20 септември - со Цветин Чилиманов од Привремената комисија за следење на медиумското претставување (6 минути и 58 секунди) за тоа на кој начин во САД се утврдува кој може да учествува во претседателска дебата, како и за распределбата на средствата на УСАИД. Покрај на политички теми, емитувани се и две мини интервјуа поврзани со настани од уметноста – обете на 17 септември – со Горан Тренчовски – режисер, за премиерата на филмот „Златна петорка" на затворањето на Фестивалот „Браќа Манаки" и со Зоран Љутков

– директор на Меѓународниот фестивал на драма „Стоби“ по повод неговото отворање. На Предлог – буџетот за 2017 година се однесува интервјуто со универзитетскиот професор Сашо Кожухаров (20 септември - 4 минути и 12 секунди), а освен ова, во првите денови од овој извештаен период, а во врска со земјотресите, емитувани се мини интервјуа со лекар и со психолог.

Што се однесува до претежно аналитичките жанрови, на 14 септември емитуван е коментар „Заев за двојазичност на цела територија?“ (3 минути и 2 секунди) во кој се пренесени две изјави на Зоран Заев (од интервјуто за порталот Нова ТВ и од посетата на Прилеп), како и соопштението со појаснување од СДСМ и се потсетува на ангажирањето на Мухамед Зекири во партијата. Во најавата, меѓу другото се вели: „Земјотресите ја фрлија политиката во втор план, но вистински политички потрес предизвика изјавата на лидерот на СДСМ Зоран Заев, дадена во интервју синоќа, во која остави простор јавноста да верува дека тој планира да воведе двојазичност на територијата на целата земја, секако доколку ја добие довербата од граѓаните во декември“. На 15 септември уште еден коментар „Реакции за најавата за двојазичност“ (4 минути и 40 секунди) со ставови во прилог (на Бранко Геровски) и против (Васко Ефтов), анкета со граѓани, и Фејсбук статус на Илија Димовски. На 15 септември коментар „Вработувањето на Зекири ја бранува опозицијата“ (2 минути и 14 секунди) – пренесени Фејсбук статуси на Нора Шаќири и Зоран Заев, по што следуваат прикази од статуси на социјалните мрежи од други, како што се вели, „опозициски медиумски пера и активисти“ со негативни реакции, а Телевизијата направила обид да контактира со Нора Шаќири која не сакала да даде изјава во живо туку потврдила дека стои зад напишаното. На 17 септември, осврт „Експерти: Прашањето за јазикот е затворено“ (5 минути и 52 секунди) во кој се цитира Уставот, Законот за употреба на јазикот што го зборуваат најмалку 20 отсто од граѓаните во Република Македонија и во единиците на локалната самоуправа, со писмена изјава од универзитетската професорка Татјана Каракамишева.

На 20 септември емитуван е коментар со негативен контекст за специјалната јавна обвинителка Катица Јанева и уредничката на Информативната програма на ЈРС Санта Аргирова „Реакции за првото интервју со Јанева“ (3 минути) со статуси на социјалните мрежи од Бобан Нонковиќ, Цветин Чилиманов, Борис Дамовски, Катерина Блажевска (првите три негативни, а последниот во одбрана на Јанева) со делови од сировите снимки од интервјуто. Во завршниот коментар се вели „дел од коментарите на упатените, кои веднаш по интервјуто се огласија на социјалните мрежи беа упатени кон Јавниот радиодифузен сервис. Замеруваа зошто техничката уредничка на МТВ Санта Аргирова со козметички зафат го прикрива читањето на одговори и сечењето на искажаните неповрзаности на Јанева. Дел од пишувањата се во насока дека ова интервју е под сите стандарди“. Притоа не се идентификува кои се „упатените“. На оваа тема, на 21 септември, емитуван е извештај - „Продолжуваат реакциите за интервјуто на Јанева“ (5 минути и 10 секунди). Во него се пренесуваат двете опречни соопштенија од Јавниот сервис во врска со интервјуто и се изнесуваат реакциите (на социјалните мрежи) на поголем број личности, но оние кои се против - се прочитани, а оние во прилог - се сублимирани.

Позитивен тон има во најавата кон вториот дел од извештајот на тема „Четири мерки за подобрување на спортот во земјава“, од 19 септември, за предизборните мерки на ВМРО ДПМНЕ во спортот, каде новинарот на ТВ Нова вели дека „очекувано првичните реакции се позитивни и сите веруваат дека доколку овие мерки се имплементираат во целост тогаш спортот во нашата земја ќе има голем бенефит, а тоа може да влијае и позитивно по резултатите“. „Боксот е првиот спорт кој ќе биде финансиран од државата“ (4 минути и 27 секунди) е осврт, во кој на 21 септември Телевизијата со позитивен тон („секако овие предлог-мерки се навистина интересни и позитивни за македонскиот спорт“) и позитивна рамка (со конкретни бројки, суми во евра и сл.) говори за една од четирите мерки во сферата на спортот ветени претходниот ден од лидерот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски.

Емитувани се и прилози со позитивна рамка за резултатите од политиките и проектите на власта. На пример: „Поддршка од 80 отсто за набавка за високо приносен добиток“ (13 септември) репортажа за посетата на заменик-министерот за земјоделство Ванчо Костадиновски кај фармер кој ги користел поволностите од мерките на Владата и најава за законски измени со кои ќе се овозможат дополнителни

поволности; на 18 септември „Свечено отворена компанијата „Онеконтакт“ (отворање на странска инвестиција во Македонија).

## *Посебни информативни емисии*

### *Дебатни емисии*

На 12 септември во редовниот термин за премиерното емитување на дебатната емисија *Отворено студио*, гости се проф. д-р Горан Марковски од Градежен факултет и проф. д-р Климе Поповски – претседател на Агенција за супервизија на осигурување. Најавена е и проф. д-р Драгана Черних – Атанасовска од Сеизмолошката опсерваторија од ПМФ, која не успеа навреме да стигне во емисијата. Тема на дебатната емисија е „Скопје се тресе...“, поврзана со земјотресите кои се случија во Скопје на 11 септември. Гостите зборуваат за тоа колку е безбедно да се живее во Скопје, каков е квалитетот на градбите во Скопје, критериумите за градба и дали има зголемена побарувачка за осигурување од земјотреси. Прва реприза е прикажана на преминот од 12 кон 13 септември, а околу пладне на 13 септември е емитувана втората реприза.

Вечерта во ново издание на *Отворено студио* на тема „По Скопје, и Балканот се тресе“ гостуваат проф. д-р Голубка Нечевска-Цветановска – заменик-директор на ИЗИИС и проф. д-р Вероника Шендова, исто така од ИЗИИС, повикани како стручни лица да и објаснат на јавноста зошто се случуваат земјотреси, колкави штети се настанати од земјотресот од 11 септември и како да се однесуваат граѓаните за време на земјотрес. Првата реприза е на преминот од 13 кон 14 септември, а уште две реприза се емитувани во утринските часови и напладне.

На 14 септември вечерта се емитува премиерно издание на *Отворено студио* во кое повторно се зборува на тема „Дали зградите се проектирани да издржат земјотрес?“. Гости во студиото се претседателот на градежната комора при ССК - Роберт Хот и бизнисменот Ванчо Чифлиганец. Од ова издание се емитувани три редовни реприза - на преминот од 14 кон 15 септември, во утринските часови и напладне.

Во изданието на *Отворено студио* на 15 септември учествуваа гостите Томе Аџиев – претседател на Комисијата за верификација на факти и универзитетскиот професор Владимир Пивоваров кои говорат на тема „Лустрација на лустрацијата“. Гостите имаат драстично спротивставени ставови за тоа како е спроведена лустрацијата во Република Македонија. Во одредени моменти на дебатата, нивните конфронтирања преминуваат во навреди и напади на лична основа, на што интервенира водителот. Редовни реприза се емитувани на 15 септември околу полноќ и утредента во утринските часови и напладне.

На 16 септември, во редовниот термин на *Отворено студио* по 20 часот, можеше да се проследи првото телевизиско соочување на министерот за финансии Кирил Миноски и дополнителниот заменик-министер за финансии Кире Наумов. На темата „Соочување за економските политики“ тие ги спротивставија своите ставови во релативно еднаков временски простор и со коректен меѓусебен однос. Од почетокот на дебатата, тонот на водителката Билјана Василева - Трендафилова е поостар кон Кире Наумов и во одредени делови таа отворено го искажува позитивниот став за проектите на Владата. Треба да се напомене дека меѓу поентите од дебатата, кои одат на телопи во долниот дел на екранот, поголемиот број се од министерот Миноски. Дебатата е репризирана околу полноќ, рано наутро по 6 часот и напладне на 17 септември. Четвртото репризно издание е емитувано на 18 септември на пладне.

Вечерта на 17 септември, емитувано е издание на *Отворено студио* посветено на рано починатата режисерка Билјана Гарванлиева. Гости во студиото се Киријана Николовска и Петра Селишкар од Македокс, продуцентот Огнен Антов и режисерот Стојан Вујичиќ. Тема на дебатата е „Македонската документаристика –

успеси и проблеми". Емисијата е емитувана на преминот од 17 кон 18 септември и рано наутро на 18 септември.

На 18 септември по 14 часот е емитуван колаж од акценти од повеќе емисии на *Отворено студио*. „Скопје се тресе" - проф. д-р Горан Марковски, проф. д-р Климе Поповски; „По Скопје, и Балканот се тресе" - проф. д-р Голубка Нечевска-Цветановска и проф. д-р Вероника Шендова – ИЗИИС; „Дали зградите се проектирани да издржат земјотрес?" - Роберт Хот и Ванчо Чифлиганец бизнисмени; „Лустрација на лустрацијата?" - Томе Аџиев, претседател на Комисијата за верификација на факти и универзитетскиот професор Владимир Пивоваров; „Соочување за економските политики" - Кирил Миноски, министер за финансии и Кире Наумов, дополнителен заменик министер за финансии.

Во вечерното премиерно издание на дебатната емисија *Отворено студио која од* 19 септември има и назив – *Аргументи* гостуваат Љупчо Пренџов од партијата ГРОМ и Љубомир Јосифовски од НСДП. Тема на дебатната емисија е „Помалите партии во големите коалиции". Гостите дебатираа за претстојните парламентарни избори, работењето на преодната Влада, СЈО, Пржинскиот договор, изборниот процес итн. Дебатата се разгорува кога тема на разговор е интервјуто на Заев за порталот НОВА ТВ. Репризни изданија на темата „Помалите партии во големите коалиции" се емитувани на преминот од 19 кон 20 септември и напладне на 20 септември.

На 20 септември во *Отворено студио - Аргументи* на тема: „Грижа за бегалците, безбедност на државите" гостуваат Љубинка Брашнарска од УНХЦР, универзитетскиот професор Златко Кесковски и Јасмин Реџепи од невладината организација ЛЕГИС. Во склоп на емисијата се емитувани и прилози од меѓународната конференција за мигрантите во Скопје и кратки инсерти од обраќањето на претседателот Ѓорге Иванов во ОН. Емитувани се редовни реприз околу полноќ, рано наутро и по 11 часот на 21 септември.

Во третото издание на емисијата *Отворено студио - Аргументи,* каде водител е Љубиша Николовски, гостуваат Виктор Грозданов од партијата ГРОМ и адвокатот Ѕвонко Давидовиќ. Тема на дебатната емисија е „Катица Јанева пред пратениците". Гостите, освен за обраќањето на Катица Јанева во Собранието, дебатираат и за прислушкувањето, формирањето на СЈО и неговиот начин на работа.

*<u>Интервјуа</u>*

На 16 септември во 13 часот се емитуваат куси интервјуа - ставови на амбасадорите/генералните конзули на Република Македонија: Тони Атанасовски, амбасадор во Индија, Илија Псалтиров, амбасадор во Казахстан, Маја Апостолова - Балабурски, генерална конзулка во Солун, Паскал Стојчевски, амбасадор во Чешката Република, Илија Исајловски, поранешен амбасадор во Република Кина, Андријана Цветковиќ, амбасадорка во Јапонија, Игор Есмеров, амбасадор во Унгарија, Сашо Ташевски, амбасадор во Обединетите Арапски Емирати. Репризирано е истиот ден нешто по 19 и 30 часот.

На 21 септември, во склоп на првото издание на информативната програма *120 минути со Гоце Михајловски,* се емитува интервју со Тодор Пендаров - новинар и политички аналитичар. Тема на интервјуто е „Катица Јанева – неискуство или незнаење?". Пендаров ги споделува своите ставови за интервјуто на Катица Јанева за Јавниот сервис и за собраниската комисија каде што Јанева одговараше на пратенички прашања и го образложуваше својот шестмесечен извештај за работата на СЈО.

*<u>Други информативни програми</u>*

Вечерта на 15 септември, по Обсервер во 19 часот, следи *Репортажа* на тема: „Македонскиот аграр". Соговорници во репортажната емисија се земјоделци од струмичкото село Добрејци и агрономот

Стојан Глигоров. Земјоделците во прилогот истакнуваат дека се задоволни од субвенциите од Владата. Според новинарката, огромна поддршка земјоделците добиваат и од Агенцијата за развој на земјоделството.

На 17 септември емитувана е *Репортажа* од Преспа. Во емисијата оди и краток разговор со градоначалникот на општина Ресен – Ѓоко Стрезовски. Реприза од информативната емисија *Репортажа* се емитувани на 18 и 19 септември по 13 часот и 30 минути.

На 19 септември е емитувана *Репортажа* од Малме, Шведска. Соговорници во емисијата се македонските иселеници во Малме како и македонската амбасадорка во Шведска – Александра Наќева Ружин.

**Член 75-б од Изборниот законик**

Во вториот извештаен период (12-21 септември 2016г.), на ТВ Нова забележани се следниве прилози во кои известувањето за редовни активности на власта е во функција на изборно медиумско претставување на политички субјект:

***Обсервер на Нова во 19 часот 13.09.2016***

19:21:53 – 19:22:58 „50 машини за перење и сушење за студентските домови“ – претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски говори за тоа дека станува збор за ветување што се реализира, посочува дека е информиран од Министерството за образование оти тимови на Министерството направиле теренски проценки, како и за тоа до каде е процедурата за јавна набавка – како лидер на партија ги поврзува владините проекти во својата партија.

19:25:31 – 19:28:30 „Промовирани 13 нови наслови во читалната 1000 книги“ – извештај од промоцијата на книги на која говори заменикот-министер за образование Спиро Ристовски и има речиси двојно подолга изјава на претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски кој говори дека тоа е реализација на ветеното и најавува што натаму ќе следи.

***Обсервер на Нова во 19 часот 17.09.2016***

19:24:49 – 19:27:31 „Посета на надлежните во Стајковци“ – Во посета на подрачјето погодено од поплавата се наоѓаат вицепремиерот и министер за здравство Никола Тодоров, министерот за транспорт и врски Владо Мисајловски, градоначалниците на Скопје Коце Трајановски и на Гази Баба Тони Трајковски и претседателот на партијата ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски. Телевизијата тежиштето го става на Никола Груевски кој информира како ќе тече обновата на инфраструктурата, колку километри пат ќе бидат асфалтирани и сл. Освен ова има изјава и од министерот Тодоров кој го информира лидерот на партијата за тоа како ќе тече исплатата на оштетите.

19:33:15 – 19:34:16 „Стипендии за над 40 студенти за најпрестижните универзитети“ – изјава на претседателот на партијата ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски за тоа како досега се спроведувала оваа владина мерка. Непосредно зад него стојат министерот за здравство Никола Тодоров, министерот за транспорт и врски Владо Мисајловски, градоначалниците на Скопје Коце Трајановски и на Гази Баба Тони Трајковски. Се поврзуваат владините проекти со партија.

***Обсервер на Нова во 19 часот 21.09.2016***

19:40:41 – 19:44:02 Спортската академија ќе добие еминентни странски тренери – заменик-министерот за образование Спиро Ристовски во посета на Спортската академија, како што изјавува самиот – донекаде поттикнат од четирите мерки во спортот ветени од ВМРО ДПМНЕ. Прилогот се фокусира на предизборната мерка на ВМРО ДПМНЕ и е во функција на изборно медиумско претставување.

***Сектор за програмски работи***